Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

*Викторија Коларовска- Гмирја*
*Вера Анѓелковска*
*Анкица Витанова*



Биро за развој на образованието

Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

*Викторија Коларовска- Гмирја*
*Вера Анѓелковска*
*Анкица Витанова*



Биро за развој на образованието

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
Весна Хорватовиќ, директор

**Уредник:**
Митко Чешларов

**Редакција:**
Таше Стојановски

**Лектура:**
Сузана Стојковска

**Дизајн и печат:**
Кома, Скопје

**Тираж:** 400

Скопје, 2008 година

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.3:78 (035)

КОЛАРОВСКА – Гмирја, Викторија
Прирачник за наставата по изборниот предмет Проекти од музичка уметност : основно образование / Викторија Коларовска- Гмирја, Вера Ангелковска, Анкица Витанова. – Скопје : Биро за развој на образованието. 2008. – 27 стр. : илустр. ; 23 см

Библиографија: стр.27

ISBN 978-608-206-002-6

1. Ангелковска, Вера (автор) 2. Витанова, Анкица (автор)

а) Проекти од музичка уметност – Основно образование – наставни методи – Прирачници
COBISS.MK – ID 74001930

* Печатењето на прирачникот е со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ, Скопје

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет **проекти по музичка уметност** се воведува како изборен предмет за учениците во VI, VII или VIII оделение на основното училиште. Со темите, содржините и активностите предвидени со наставната програма учениците имаат можности да ги изразат своите афинитети во областа на музичката уметност и култура, да ги прошират и продлабочат знаењата за областите за кои имаат посебен интерес, како и за активно музицирање (пеење и свирење) преку изразување на сопствените стилски и жанровски претпочитувања. Предвидено е наставата да се одвива низ проектни активности, со што ќе се придонесе за поттикнување на самостојноста и креативноста на учениците, смислата за тимско работење, одговорноста, умеење да се испланира и да се изведе одредена активност од почеток до крај, критичкото мислење и самокритичноста, способноста за оценка (евалвација) на своите постигања и постигањата на другите. Со воведувањето на овој предмет се прави важен чекор за збогатувањето на естетското подрачје во вкупниот наставен план на основното образование, со што се добива додатна можност за градење на естетски чувства кај учениците, развој на емоционалната сфера, способност да ги препознаваат и искажуваат своите емоции и чувства, формирање на музичкиот вкус и ставови за музичката уметност и култура. Наставата по овој предмет дава широки можности за меѓупредметно поврзување – пред сè, со музичкото и ликовното образование, но и со предметите од други подрачја (мајчин јазик и литература, историја, географија, странски јазик, информатика и др.). Стекнатите знаења и искуства во музичката уметност може да најдат примена како во образовниот процес, така и во секојдневниот живот на ученикот, овозможувајќи му поквалитетно живеење, исполнување на слободното време, умеење да се пронајде себеси во музичкото и културното опкружување на локалната средина, градот и пошироко.

Програмските задачи по предметот **проекти по музичка уметност** ќе се реализираат преку изработка на проекти - проектна настава. Неделниот фонд е 2 часа или вкупно годишен фонд од 72 часа.

**НАСТАВНИ ТЕМИ – ПРОЕКТИ:**



1. **Музички новинари**
2. **Музичкиот фолклор околу нас**
3. **Пејачка група**
4. **Инструментална група**
5. **Музика и компјутер**

## 2. ПРИКАЗ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ

Како што се посочува во самиот наслов на предметот проекти по Музичка уметност, наставата по овој предмет ќе се изведува низ проектна работа.

Во наставната програма предвидени се проекти кои опфаќаат различни области на музичката уметност – музичката теорија, практичното музицирање, музичкиот фолклор и новите технологии во музиката.

***Проектот: Музички новинари*** подразбира подлабоко проучување на животот и творештвото на истакнатите композитори (интерпретатори). Со тоа, содржините во овој проект ќе бидат истражувањата за одредени автори и уметници посочени во наставната програма, но и по избор на учениците и наставникот.

***Проектите: Пејачка група, Инструментална група, Фоклкорот околу нас*** подразбираат формирање на вокален, инструментален, вокално-инструментален изведувачки ансамбл (тим) и тимови со придружни активности (теор-

иско проучување на музичкиот материјал и организација и реклама на јавниот настап).

***Проектот Музика и компјутер,*** покрај музичките активности со компјутер е во тесна координација со претходните проекти, а може да биде и нивен составен дел. Овој вид музички активности може да се реализираат во оние училишта кои се опремени со потребната техника, а наставникот во тие училишта ја добил потребаната обука за реализација на наставата. Во другите училишта компјутерот може да се употребува за реализација на проектите од сите наставни теми (пребарување на податоци на Интернет, изготвување на флаери, покани, плакати, изготвување на ЦД и други изработки во зависност од барањата на проектот).

Структурата на содржините во сите проекти-теми е флексибилна, директно условена од формулирањето на конкретната тема на проектот, за што ќе стане збор во претставувањето на секој проект поединечно.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Проектните активности ќе се организираат во групи составени од 15 ученици. Финалниот производ – презентацијата на активностите ќе биде во училиштето и надвор од него, како и за потребите на локалната средина. За реализирање на презентацијата ќе се користат разни материјали: ЦД, ДВД, слики, фотографии, брошури и сл.

Со оглед на вкупната оптовареност на учениците и временската димензија како суштинска карактеристика на проектот, реално е во наставата да се остварат два проекта во рамките на полугодието. Бројот на часовите за еден проект може да варира во зависност од обемот на содржината (траењето на концертниот настап, обемот на истражувањето итн.). Глобалната ***временска рамка*** на еден проект може да се формира според следниов принцип:

***Истражувачики проекти:***

- 1-2 часа – општа организација, утврдување на темата и вовед во темата
- 1-2 часа – финална презентација на проектот
- 50% од останатиот број на часовите – истражување
- 25% - изготвување на презентацијата
- 25% - вежбање на презентацијата

***Уметнички проекти:***

- 1-2 часа – општа организација, утврдување на темата и вовед во темата
- 1-2 часа – генерална проба
- 1-2 часа – финалниот јавен настап
- останатото време – проби (индивидуални, групни, колективни)

Можно е овие глобални рамки да функционираат и во еден ист проект ако во него се застапени и истражувачките и уметничките активности (види понатаму).

Пред да се почне со дефинирањето на темите и содржините на проектите, наставникот треба да им ја појасни на учениците суштината на проектот како форма на наставна работа и методологијата на проектната работа, односно да ги упати во организацијата и методите на наставата по овој предмет.

## 4. ДИДАКТИЧКО- МЕТОДСКИ НАСОКИ

Терминот проект постојано се употребува во науката (методологија на научното истражување) и во уметноста – областите врз кои се базира наставниот предмет. Со тоа можеме да ги разграничиме научно-истражувачкиот и уметничкиот проект.

***Научно - истражувачки проект*** е временски организирана истражувачка работа спроведувана од научник-поединец или тим од научници (најчесто) која се насочува на проучување на одреден научен проблем и резултира со откривање на нови сознанија (или потврдување на постоечките) за истиот.

*Карактеристики на научно - истражувачкиот проект:*

- ▶ одредување на проблемот кој ќе се истражува;
- ▶ проучување на актуелната состојба со истражувањето на дадениот проблем;
- ▶ дефинирање на темата и предметот на истражувањето, целите, задачите, хипотезаите;
- ▶ планирање на истражувањето:
  - методологија на истражувањето (методи, техники и инструменти);
  - место и време на истражувањето;
  - неопходни материјали и опрема;
  - учесници во истражувањето и нивните задачи;
  - финансиска конструкција;
- ▶ спроведување на истражувањето;
- ▶ анализа на податоците;
- ▶ објавување на резултатите на истражувањето;
- ▶ јавна расправа (дискусија, критика, прифаќање или неприфаќање на резултатите и заклучоците).

***Уметнички проект*** е временски организирана уметничка работа која вклучува и истражувачка компонента спроведувана од уметник-поединец или тим уметници која се насочува на подготовка на сценскиот настап (концерт, претстава) и резултира со неговото одржување пред аудиториум.

*Карактеристики на уметничкиот проект:*

- ▶ одредување на уметничкото дело/дела за претставата/концертната програма;
- ▶ одредување на терминот за сценскиот настап;
- ▶ одредување на интерпретаторите (солист/и, ансамбл/и, диригент, носители на улогите);
- ▶ одредување на другите учесници во реализацијата на сценскиот настап (сценографија, костимографија, светло, организација, реклама итн.);
- ▶ финансиска конструкција;
- ▶ распоред на пробите;
- ▶ распоред на други дејности (подготовка на сценографијата, костимите и сл.);
- ▶ организација на рекламната кампања;
- ▶ генерална проба и сценски настап;
- ▶ јавна расправа (дискусија, критика, прифаќање или неприфаќање на концептот и квалитетот на инерпретацијата).

Во образованието овој термин почна да се употребува од неодамна, означувајќи специфичен вид на настава заснован на принципите на научно-истражувачкиот[1], односно уметничкиот проект. Ученикот треба да ги сфати овие карактеристики:

- ▶ проектот се карактеризира со формулирање на истражувачки проблем (тема), односно програма за сценски настап и изнаоѓање начин за неговото решавање;
- ▶ проектот трае одреден временски период и мора да доведе до финален производ;
- ▶ работата на проекти бара иницијатива, самостојност, одговорност;
- ▶ проектот е организиран во одреден временски период, односно испланиран;
- ▶ проектот подразбира менување на локациите во кои се изведува;
- ▶ работата на проект вклучува разновидни активности, постапки, техники, опрема;
- ▶ проектот се заснова на тимска работа и поделба на обврските;
- ▶ проектот бара редовна документираност;
- ▶ проектот бара постојано преиспитување на постигнатото, односно оценување (евалвација);
- ▶ работата на проектот бара прифаќање на ризик од неуспех и спремност да се изнајде начин на неговото надминување, односно менување на начинот на размислување и делување.

Придржувањето кон овие карактеристики налага во наставата се да се менува вообичаената улога на наставникот и ученикот што, исто така, треба да им се појасни на учениците.

1 Во понатамошниот текст ќе го користиме изразот истражувачки проект како посоодветен за наставата во основното образование.

**Улогата на наставникот:** во текот на наставата, тој се јавува како:

- Ментор
- Организатор
- Поттикнувач
- Инструктор
- Проценувач

**Улогата на ученикот/ученичката:** тој/таа се јавува како:

- Носител на идеи и афинитети
- Активен субјект – истражувач
- Одговорен соработник
- Оценувач

При изведувањето на проектната настава наставникот треба да се потпира врз личните вештини и способности на ученикот, неговото претходно искуство, интересот, желбите и афинитетите. Тогаш доаѓа до израз отвореноста за соработка, спремноста за активно учество, иницијативата, посветеноста и ентузијазмот на ученикот како учесник во проектот. Преку учеството во проектот ученикот ги развива способностите за планирање, донесување на одлуки, самостојно и критичко размислување, соработка, реализација на замисленото. Работата на проектот ги подготвува учениците за постојано (доживотно) учење и стекнување на нови сознанија и искуства.

## КРУГ НА ПРАВИЛА




## ФАЗИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Секој учесник во проектот треба да го знае „патот" кој води кон неговата целосна реализација – што е „појдовната", а што е „завршната точка" на проектот и како овие две точки меѓусебно се поврзани. Затоа на учениците треба да им се прикажат фазите на реализацијата на проектот:

- **Селекција на темата**
- **Фаза на истражување**
- **Фаза на акција**
- **Презентација на проектот (сценски настап)**
- **Евалвација на проектот**

Со претходното прикажување на карактеристиките на истражувачкиот и уметничкиот проект и дискусијата за нивните карактеристики учениците веќе се подготвени да ги откријат и осознаат овие фази.

## ИЗБОР НА ТЕМА

***Оваа фаза се одвива во присуство на целиот проектен тим, одлуката е заедничка.***

Учениците треба да сфатат дека добро одбрана и формулирана тема најдиректно го условува успехот на проектот. Критериумите на добрата тема/програма се:

- да е интересна и привлечна содржината на темата/програмата за учесниците (учениците);
- постоење простор за истражување (интерпретација);
- содржината и добрата формулација да е интересна и за јавноста.

При изборот на темата доаѓаат до израз претходните сознанија и искуства на учениците, но може да постои и желбата да се стекнат со сосема нови, дотогаш за нив непознати сознанија и искуства.

Селекцијата на темата е многу важна за мотивацијата на учениците, со можноста тие да го доживуваат проектот како нивна „сопственост" и создавање на чувството на приврзаност. Секој учесник на тимот има право да се искаже, да даде идеја и да биде сослушан, но, исто така, треба да го слуша и почитува другиот. Одлучувањето се врши преку демократски процедури со што ученикот се стекнува со искуствата потребни во неговиот понатамошен живот и делување.

### Разгледување на идеи од учесниците:

Учениците на првата заедничка средба на проектниот тим заедно со наставникот дискутираат, предлагаат, даваат идеи („бура на идеи").

***Наставникот:*** внимателно ги слуша, ненаметливо помага во обликувањето и формулирањето на идеите и замислите на учениците, ги запишува на табла, правејќи листа на теми, внимава на зачувувањето на колегијална, пријателска, конструктивна атмосфера.

*Начин на одлучување:* договор или гласање. Наставникот треба да помогне да се дојде до консензус ако гледа дека повеќето ученици се наклонети кон една од темите. Ако, сепак, мора да се гласа, наставникот треба да внимава „надгласаните" ученици да не се почувствуваат повредени, да се поттикне нивната мотивација со охрабрување дека сигурно добро ќе работат и ќе откријат нешто ново и за себе и за другите.

Откако темата ќе биде селектирана (одбрана), треба да се **формулира целта** на проектната активност. За да се постави точно целта треба да се одговори на прашањето:

- Зошто сакам да ја обработувам оваа тема?

Ова прашање, всушност, во себе подразбира и друго: Колку знам за оваа тема? (Честопати интересот и желбата да се работи нешто се поврзани со степенот на информираноста за тоа.)

Одговорите, генерално, може да се сведат во три категории:

- Знам сè и сакам да ги споделам моите сознанија со другите.
- Знам нешто и сакам да научам повеќе.
- Ништо не знам, но сакам да научам (претпоставуваме дека и ваквиот одговор може да се појави).

Понатаму прашањата може да се конкретизираат со следново:

- Што точно сакам да научам за темата?

Целта се формулира со конструкциите од тип: „Сакам да дознаам, откријам, утврдам, испитам... " (за истражувачки проект), но и: „Сакам да споделам, претставам, прикажам, демонстрирам..." (за уметнички проект). Добро формулираната цел ја поттикнува мотивираноста на учениците, ја организира и насочува нивната работа и им дава визија за конечниот резултат на целиот проект.

**Формулирање на целта:**

*Место и време*: истата заедничка средба на проектниот тим заедно со наставникот (продолжение).

*Наставникот:* им предлага на учениците да одговорат на прашањето „Зошто сакам да ја обработувам оваа тема?” (усно или писмено).

*Учениците:* се искажуваат усно или писмено

Наставникот: внимателно ги слуша (чита) одговорите и треба да сфати која од горенаведените групи одговори преовладува, односно со какви предзнаења и искуства располагаат учениците. Исто така, помага за формулација на целта (а по потреба и ја предлага), внимава на зачувувањето на колегијална, пријателска, конструктивна атмосфера. Формулираната цел се запишува на таблата, под насловот на темата.

## ПЛАН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО:

Оваа фаза е обемна и во себе содржи разновидни активности: планирање и конкретно остварување на планот. Учениците треба да сфатат дека во проектот нема место за импровизација и непромисленост, а токму добриот план, иако не гарантира 100-процентно, но, сепак, во огромна мерка го одредува успехот.

**Планирање**

Планирањето треба да се одвива во две насоки:

1. Утврдување на глобалната временска рамка на проектот:

За истражувачки проект:
- истражување (од…до…);
- подготовка на презентацијата (од…до…);
- завршна презентација (датум и место).

За уметнички проект:
- проби и други подготовки (од...до...);
- организација и реклама на сценскиот настап (од…до…);
- генерална проба и сценски настап (датум и место).

2. Детално планирање на активностите за истражување, односно распоред на пробите и други подготовки, а, исто така, подготовка на презентацијата, односно организацијата и рекламата на сценскиот настап.

**Тек на планирањето:**

Утврдување на глобалната временска рамка на проектот може да се направи на крајот на првата средба, по селекцијата на темата и формулирањето на целта. Наставникот им помага на учениците, а, по потреба, и ја зема иницијативата, особено за одредување на датумите. По завршувањето на првата средба наставникот може да им даде задача на учениците – секој да размисли како би требало да се одвива истражувањето, односно да предложи активности и методи. На учениците може да им се подели лист со прашања на кои треба да одговори секој учесник во истражувањето:

***1. Какви информации*** (податоци) ни се потребни?

***2. Колку информации*** (податоци) ни се потребни?

***3. Каде можеме да ги најдеме*** потребните информации (податоци)?

***4. Колку време*** ќе биде потребно за да се обезбедат информациите (податоците)?

***5.*** Кој е ***најдобриот начин за прибирање на информациите*** (податоците)?

***6. Како да ги организираме активностите*** за да ја исполниме целта?

***7. Кој е одговорен*** за кои активности?

***8. Кога ќе ја завршиме секоја од активностите?***
(Од: МОДУЛ: ПРОЕКТНА НАСТАВА)

Прашањата 1 и 2 се однесуваат на видот на информациите (податоците): текстови од различен карактер (биографии, критики, аналитички статии итн.), статистички податоци, снимки, нотен материјал и сл., како и нивниот обем.

Прашањето 3 веќе упатува кон можните извори на информациите (податоците), односно локациите на истражувањето (библиотеки, институции, приватни домови).

Прашањето 4 веќе предвидува начелна временска рамка.

Прашањето 5 предвидува насоки на методологијта на истражувањето.

Прашањата 6 и 7 упатуваат кон формирање на тимовите и распределување на обврските.

Прашањето 8 упатува кон подеталното планирање и распределување на времето.

Иако не можеме да очекуваме сите ученици максимално одговорно да ја сфатат оваа задача (а, објективно, тие не се ни подготвени да дадат исцрпни одговори на сите прашања), сепак, оваа задача ќе ги натера да размислуваат. На следната средба тие ќе дојдат со свои размислувања ставени на хартија што може да биде база за деталното планирање.

На следната – втора средба – се разгледуваат идеите и предлозите на учениците околу текот на проектот. Задача на оваа средба е – да се оформат тимовите и да се направи деталното планирање во кое треба да се опфатат активностите, нивниот редослед, времетраењето, опремата и да се направи распоред на извршителите во тимовите.

## Формирање на тимови и задачи

Планирањето е тесно поврзано со распределувањето на обврските, односно, со формирањето на помалите тимови. Секој од тимовите реализира определено подрачје. Најважно е секој од тимовите да го има дефинирано своето подрачје на активност и во рамките на секој тим точно да се распределат задачите за секој од учесниците. Секој тим не треба да биде поголем од 3-5 члена. Учесниците во тимот треба да изберат одговорен. Членовите на тимот треба да определат место и време за одржување на средбите, навремено да се информираат за плановите, задачите и текот на активностите. Секој член на тимот треба да има еднакви можности за учество, а поделбата на улогите да биде јасна и, најважно е да најдат заеднички јазик во комуникацијата.

Во *истражувачките проекти* ќе се издвојуваат тимовите кои имаат сличен карактер на дејноста (истражувањето) во конкретните подрачја што се опфатени со содржината на проектот/ предметот на истражување.

Во *уметничките проекти* ќе се издвојуваат тимови на интерпретатори (носители на програмата на сценскиот настап) и тимови кои вршат друга истражувачка работа сврзана со подготовка на сценскиот настап (организација, реклама, обликување на костимите, обликување на сцената итн.).

При формирањето на тимовите наставникот ја има решавачката улога, иако своите сугестии и одлуки треба да ги спроведува тактично и ненаметливо. Тој треба да ги има предвид желбите на учениците, нивните способности, карактерни особини и меѓусебни односи. За овие карактеристики на учениците наставникот би требало да биде, барем делумно, информиран од претходната комуникација со нив во наставата. Но, од особена важност се првите средби на сите учесници во проектот, кога тие отворено дискутираат и се искажуваат, давајќи му можност на наставникот да ги процени нивните афинитети за одредена дејност, карактеристиките на личноста (отворена или повлечена, срамежлива) и комуникацијата на членовите на истражувачкиот тим.

По формирањето на тимовите и дефинирањето на подрачјата на нивната активност секој тим, во продолжение на истата средба, треба да пристапи кон деталното планирање за својата работа (активности, методи и инструменти, опрема, локации на истражување, приближни временски рамки). Наставникот им помага на тимовите и на крајот на оваа средба се изготвува детален план на проектот.

## Што треба да содржи планот на проектот?



**Во глобалната временска рамка и разработката на фазите на проектот треба да се наведе:**

- видот на активностите (истражување на терен, посета, работа во библиотека, проби...);
- датумот, времето, местото;
- учесниците;
- одговорниот;
- опремата.

Бидејќи неколку активности можат да се одвиваат истовремено (во ист период, на ист датум од различни истражувачки групи), при изготвувањето на планот треба да се води сметка за хронолошки јасно прикажување на редоследот на активностите.

## Собирање на податоци

Во оваа фаза веќе се одвива тимската работа. Најважно е секој тим да го дефинира карактерот на истражувањето (работа на терен, студиска посета, истражување во библиотека и/или архива, пребарување на Интернет, посета на личности и сл.). За секое од овие истражувања треба да има изготвено инструменти, (табели за прибирање податоци, прашалници исл.) и опрема (пенкало, хартија, диктофон, фотоапарат, видеокамера итн.).

1. Документирање на истражувачкиот проект
   - ▶ Зошто?
   - ▶ За кого?
   - ▶ Како?
   - ▶ Кога?
   - ▶ Кој?

2. Документација за проектот
   - ▶ Фасцикли за проект
   - ▶ Завршен извештај на проект



## ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ:

***Учениците:*** ги подготвуваат инструментите за истражување, се снабдуваат со опремата, се подготвуваат за посетите со прибирање основни информации за институциите и личностите кои ќе ги посетуваат.

***Наставникот:*** ги консултира учениците во врска со институциите и личностите кои може да се посетат; ги подготвува за посетите со давање упатства и информации за институциите и личностите; ги прегледува табелите за средување податоци и прашалниците; им помага да набават опрема; им закажува средби.

## УМЕТНИЧКИ ПРОЕКТИ

### Тимот на интерпретатори:

***Учениците:*** прибираат аудио, видео снимки и нотен материјал, одредуваат програма за сценскиот настап, одредуваат потребни музички инструменти и опрема.

***Наставникот:*** ги проверува собраните материјали, ги советува учениците во врска со програмата, имајќи ја предвид намената на концертот, карактерот на аудиториумот, карактерот и меѓусебната усогласеност на делата за изведба.

### Тимот за организацијата и рекламате:

***Учениците:*** ги собираат материјалите за рекламата (ликовни и текстуални) од соодветни институции, медиуми, Интернет.

***Наставникот:*** ги упатува учениците во соодветните институции, им посочува медиуми и веб - страници, им закажува средби.

Наставникот треба да има јасен увид во работата на секој тим. Затоа секој тим треба да има точно определен термин за средбата со наставникот (по потреба, може да се закажуваат и вонредни средби со целиот тим или со одговорниот во него). Во текот на оваа фаза треба да се направат и 2-3 средби на целиот проектен тим на кои тие ќе ја

претставaт својата работа, резултатите до кои веќе дошле и перспективите за понатамошните активности.

Откако ќе се соберат, податоците се групираат во прегледи според следните прашања:

- Какви информации имаме кои нудат можни одговори на проблемот што го истражуваат учениците?
- Какви информации собравме кои не се корисни?
- Како можеме да ги организираме идеите и информациите за да одговориме на прашањето/
- Како можеме да ги претставиме информациите на јасен и уверлив начин?
- Дали треба да собираме уште податоци?

(Од: МОДУЛ: ПРОЕКТНА НАСТАВА)

## Анализа и средување на податоците

Во оваа фаза секој тим ги анализира добиените податоци и проверува дали ги има доволно, дали со нив се исполнува целта. Важно е да се избере соодветен начин на нивното средување и прикажување (текст, табели, графикони, слики итн.) за тие да станат јасна поткрепа за изведување на заклучоците.

***Учениците*** ги систематизираат, класифицираат, пребројуваат, хронолошки подредуваат итн. добиените податоци, избираат соодветен начин на нивното прикажување, ги обликуваат ставовите и формулираат заклучоци.

***Наставникот*** ги консултира учениците во врска со начинот на анализа на податоците и нивното логичко подредување соодветно на целта на истражувањето, им помага да ги дефинираат ставовите и заклучоците.

## Тимот на интерпретаторите

***Учениците*** ги прават пробите (одвоени и заеднички), ги научуваат делата за сценскиот настап, прават концепт на интерпретацијата.

***Наставникот:*** им помага на учениците рационално да ги организираат пробите, присуствува на пробите и ги советува учениците за вокалната интерпретација соодветна на карактерот и содржината на песната.

Тимот за организација и реклама на сценскиот настап: прави скици за рекламни материјали, организира најави и настапи во медиумите, договара за сала за сценскиот настап и помошни простории.

**Наставникот:** ги консултира учениците во врска со изгледот на рекламните материјали и текстовите во медиумите, проверува листа на поканети, организира средби со одговорните за просториите во кои ќе се одржува концертниот настап.

## ФАЗА НА АКЦИЈА

Во оваа фаза се прави **план за акција**, односно подготовка на презентацијата. Планот содржи задачи кои треба да одговараат на прашањата, и тоа:

- Што сакаме да направиме?
- Како ќе го постигнеме тоа?

Потоа се изготвуваат **чекорите** – за текот на презентацијата.

Бидејќи проектниот тим е составен од мали тимови кои истражуваат на разни полиња секој од нив треба да направи свој дел од заедничкта презентација. Со **чекорите** треба да се направи редоследот на презентациите на тимовите во целосната презентација. **Кој** и **кога** ќе презентира, **со помош на што и кого**? Откако сè ова ќе се испланира, треба да се види **дали е постигната целта,** односно дали презентацијата е добро подготвена. Затоа како битен елемент на подготовката на завршната презентација ја издвојуваме следнава етапа:

**Презентација на резултатите од истражувањата во тимот.**

Во оваа етапа секој тим ја подготвува и ја вежба презентацијата на својот дел од работата. Потоа следи заедничкото претставување: секој тим ги презентира своите резултати пред останатите тимови како една целина. Важно е секој од учесниците во тимот да има дел во презентирањето. На оваа етапа веќе следува искажување на впечатоци,

давање сугестии, односно, постои меѓусебна евалвација на работата на учесниците во целиот проектен тим.

Преку **евалвацијата** треба да се открие дали е постигната целта, да се коригира, дополни или да се скрати презентацијата.

Учениците ја подготвуваат и вежбаат својата презентација, ја претставуваат пред другите тимови.

Наставникот постојано ги надгледува учениците во процесот на изготвување и вежбање на презентацијата, ги советува во врска со неа.

## Презентација на проектот (сценски настап)













Презентацијата е завршен чин на севкупната проектна активност, нејзиниот резултат, кога вложениот труд, добиените податоци и постигнувања на учениците стануваат достапни на потесната и поширока јавност. Затоа многу е важно овој чин да биде добро организиран, свечен, промислен до најмали детали, да му се даде значење. За добар тек на презентацијата/сценскиот настап треба да се направи специјален план на неговото одвивање со временски термин, постапките и одговорните (во колку часот треба да дојде тимот, кои технички помагала треба да се наместат и проверат, по потреба – каде ќе се пресоблекуваат учесниците, каде ќе се распејуваат и расвируваат, кој ќе ги дочекува и сместува гостите итн.). Тоа е особено важно ако презентацијата/сценскиот настап се одвива надвор од училиштето, на „туѓ" терен.

Учениците ги извршуваат договорените обврски околу подготовката и текот на презентацијата/сценскиот настап.

Наставникот ја следи ситуацијата, ги охрабрува учениците, прави психолошка подготовка и добар штимунг, им помага во извршување на подготовките и го контролира текот на презентацијата/сценскиот настап.

### ЕВАЛВАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

По завршувањето на презентацијата/сценскиот настап проектниот тим се собира на завршна средба на која треба да се даде резиме во врска со завршената проектна активност. Учениците треба да стекнат впечаток на добро завршената и значајна работа во текот на која тие се збогатиле со нови знаења и искуства, стекнале пријателства, станале дел од пошироката средина, се промениле.

*Учениците* ги разменуваат впечатоците и искуствата од вкупната активност за времетраење на проектот и од завршната презентација/сценскиот настап, даваат оцена на својата истражувачка работа/сценскиот настап и за работата на другите тимови.

*Наставникот* ги искажува своите впечатоци за проектот во целина и ја анализира работата на учениците, ги охрабрува и поттикнува понатаму да ги применуваат стекнатите искуства од овој вид уметничка дејност, им укажува на добрите и слабите страни на нивната работа на проектот.

## 5. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците во проектните активности од музичката уметност се однесуваат, од една страна, на разбирање и усвојување на спецификите на проектот како наставна форма, а од друга – на усвојување конкретни знаења и умеења преку учество во конкретен проект.

***Следењето и оценувањето*** на постигањата на учениците ќе се врши преку набљудување и вреднување на: ангажираноста, точноста и одговорноста во извршување на задачите, интересот, залагањето, давањето идеи и креативноста на ученикот.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ТЕМИ - ПРОЕКТИ

### 1. ПРОЕКТ: МУЗИЧКИ НОВИНАРИ



**Цел на проектот** „Музички новинари" е ученикот/ученичката да ги проширува знаењата од областа на музиката и истакнатите автори од различни епохи и земји, да стекне сознанија за нивниот живот и творештво, како и нивното музичко и вонмузичко опкружување, да оформи сопствен став за авторот и неговите дела и да го прикаже преку презентација чијшто вид којашто самиот ќе ја одреди. Во содржините на проектот посочени се истакнати композитори, како и домашни автори чиешто творештво побудува интерес за продлабочено изучување. Сепак наставникот, заедно со учениците, е слободен да избере и други автори или репродуктивни уметници според сопствените афинитети, карактеристиките на локалната средина и потребите на наставата. Преку учеството во овој проект учениците се оспособуваат да ги формулираат своите мисли, вербално да се изразуваат за музиката, ги искажуваат своите емоции и чувства, да дискутираат, да ги сослушуваат ставовите на другите и да ги бранат сопствените ставови, критички да приоѓаат кон изворите на информациите, да слушаат и размислуваат за музичките дела кои стануваат дел од нивниот интелектуален и емоционален „развој".

**Финален производ**: презентација, написи и други материјали (слики, фотографии, брошури и сл.).

### Организација на проектните активности (детален преглед на фазите од проектот):

### СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕМА

**Учениците** се определуваат за композитор или интерпретатор чиешто творештво ќе го истражуваат и презентираат. Тука доаѓаат до израз нивните претходни сознанија и искуства, но и желбата да стекнат сосема нови, дотогаш за нив непознати сознанија и искуства.

**Наставникот** им ја претставува на учениците дејноста на музичкиот новинар. За таа цел, на првата заедни-

чка средба треба да се направи разговор на кој учениците со помош на наставникот заедно ќе дојдат до сознанија и мислења кои се можностите, карактеристиките и спецификите на оваа дејност. Учениците ќе ги искажат своите искуства. За некои од нив дејноста на музичкиот новинар ќе асоцира со усно известување на радио и телевизија со давање информации за музичките настани, интервју со уметниците, разговор во студиото и сл., како и за улогата на новинарот-водителот. За други таа дејност ќе асоциира на пишување на текстови во весници, списанија, Интернет страници, односно со улогата на новинар-писател. Потоа наставникот им помага на учениците да ги искажат своите претходни искуства и сознанија за видовите на новинарски текстови, кратки известувања, најави на настаните, критики, пообемни осврти за повеќе настани, есеи за животот и делото, интервјуа коишто учесниците во проектот може да ги изготвуваат. Наставникот помага за определување на автор или интерпретатор, следејќи ги искажувањата на учениците и проценувајќи го нивното искуство во музичката уметност и нејзините истакнати дејци. Иако се очекува дека учениците поседуваат одредени информации за овој жанр и неговите претставници, сепак, тие се минимални и површни. Затоа, наставникот може ненаметливо да ги поттикне за истражување за одреден автор или интерпретатор кој не им е познат на учениците, мотивирајќи ги да стекнат нови сознанија и искуства. Наставникот може да помогне при конечното дефинирање на темата на проектот (покрај стандардните „Животот и делото на...", може да се посочат темите по пример на следниве: „Годишните времиња" од А. Вивалди - од пролет до зима"; „Моцарт - чудо од дете"; „Прокопиев и македонскиот музички фолклор" и сл.).

**Поставување цели:** учениците треба да ги формулираат целите кои сакаат да ги реализираат.

Пример: за темата „Годишните времиња" од А. Вивалди - од пролет до зима" може да се постават следниве цели:

- да дознам повеќе за делото „Зима" од Вивалди кое го имам веќе слушано;
- да ги запознаам останатите дела од циклусот „Годишни времиња" – да ги слушам и да дознаам повеќе за нив;
- да дознаам повеќе за Антонио Вивалди и другите негови дела, односно да дознаам нешто сосема ново за мене итн.;
- да ги обликувам моите сознанија во свој текст/текстови;
- да направам усна презентација;
- да ги заинтересирам другите.

## ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### Планирање

**Учениците** прават избор на материјали и информации кои им се неопходни за постигнување на целите. Во проектот „Музички новинари" тие се: снимки од делата, пишани или електронски текстови за авторот, изведувачите, делото, програми од концерти на кои се изведувало делото што се обработува или други дела на дадениот автор, разговори со личностите кои ги поседуваат потребните информации и сведоштва (изведувачи, критичари, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации, ако станува збор за авторот од денешницата - и самиот автор), нотен материјал.

**Наставникот** во овој случај треба да им даде информација за одредени специфики на делото (постоење на сонет на првата страна на партитурата на секој од концертите, податок за градот во кој Вивалди најдолго престојувал и создавал – Венеција итн.), потоа ненаметливо им помага на учениците при формирањето на тимовите.

### Формирање на помали групи и задачи

Пример: група за истражување на животот и творештвото на Вивалди;

група за истражување на опкружувањето на Вивалди (Венеција);

група за истражување на сонетот како поетска форма;

група за истражување на виолински концерт како музички жанр;

група за посета на изведувачи, критичри, нови

нари и други учесници и сведоци од различни генерации кои ги изведувале или истражувале „Годишните времиња”, односно другите дела на Вивалди.

Откога ќе се утврди бројот и составот на тимовите тие ги добиваат задачите, односно активностите кои треба да ги извршат. Со тоа почнува да се прави деталното планирање на активностите на тимовите според шемата и конечниот план на целиот проект.

## Собирање на податоците

Во оваа фаза учениците го реализираат планот за истражување: прибираат податоци, ги посетуваат институциите и поединците, бараат текстуални податоци и други потребни материјали за реализацијата на целта – презентацијата.

*Активности на групите:*

Во овој проект првите четири групи имаат ист или сличен карактер на активностите: нивната основна задача е – да ги наоѓаат текстуалните податоци во различни извори (библиотеки – енциклопедии, книги, весници, списанија и др., Интернет).

*Наставникот* им закажува посети на институциите (Универзитетска библиотека, библиотека на музичко-образовните установи, републички и градски архиви), им посочува литература и веб - страници на Интернет.

Групата за посета на изведувачи, критичари, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации кои ги изведувале или истражувале „Годишните времиња”, односно другите дела на Вивалди има поинаков карактер на активностите: бидејќи тие се сретнуваат со конкретни луѓе и разговараат со нив, треба да имаат барем најопшта претстава за таа личност, односно да дознаат некакви податоци за неа. Потоа тимот ги изготвува прашалниците за интервјуа, одредува материјали/опрема што се потребни за водење на интервју.

*Наставникот* има особено значајна улога токму во подготовката на учениците за средбата со личноста со која ќе се прави интервју (дава кратка информација за животот и дејноста, посочува други можни извори на информациите), им обезбедува потребен материјал, им закажува средба.

## ОБРАЗЕЦ НА ПРАШАЛНИК ЗА ИНТЕРВЈУ

Наставникот и членовите на групата изготвуваат прашалник за интервјуто којшто може да опфаќа: претставување на групите пред лицето со коешто се води интервјуто. Притоа се објаснува основната задача на учениците коишто го водат интервјуто.

▶ ВОВЕДЕН ДЕЛ

На почетокот на средбата учениците треба учтиво да се поздрават со соговорникот, да му се претстават. Одговорниот на групата треба да му се заблагодари за издвоеното време и да го замоли за дозвола да се користи диктафон.

Одговорниот на групата: го кажува името на училиштето и на учениците во проектот „Годишните времиња” од А. Вивалди – од пролет до зима *(секој ученик/ученичка го кажува своето име и презиме)*. Потоа се заблагодарува за согласноста на соговорникот да се сретне со учениците и за издвоеното време. Во обраќањето исто така забележува дека знаејќи за неговите изведби на ова дело, би сакале да постават неколку прашања и да го замолат соговорникот да им дозволи да користат диктафон.

**Прашања за интервјуто**

**▶ ГЛАВЕН ДЕЛ**

**I тема: Изведбата на „Годишните времиња” од страна на соговорникот**

1. Зошто се одлучивте за изведбата на „Годишните времиња” од Антонио Вивалди?
2. Колку пати досега сте го извеле ова дело?
3. Кои беа Вашите соработници (оркестри, диригенти) во изведбите?
4. Кои изведби највеќе ги паметите и зошто?
5. Дали имате снимка на некоја од овие изведби?

### II тема: Личните ставови на соговорникот за „Годишните времиња" (естетски и стручно-технички)

6. Како ја доживувате музиката на Вивалди?
7. Кои се предизвиците да се изведува делото „Годишните времиња"? *(Наставникот треба да им појасни на учениците дека станува збор за техничка подготвеност, уметничка зрелост на интерпретаторот, односно искуство со изведбата на делата од Вивалди и други автори од тој период – Бах, Хендл.)*
8. Колку треба да се вежба за да се изведува делото „Годишните времиња"?
9. Сигурно сте слушале други виолинисти како го свират ова дело. Чија изведба Ви се допаѓа и зошто?
10. Имате ли омилен концерт од „Годишните времиња"?
11. Дали би се сложиле да дојдете кај нас во училиште да ги споделите Вашите мисли и искуства со другите ученици, а, можеби, и да ни отсвирите фрагмент од „Годишните времиња" по Ваш избор?

### ▶ ЗАВРШЕН ДЕЛ

Одговорниот на групата се заблагодарува за разговорот, искажува желба соговорникот да го посети основното училиште каде што ќе говори на тема: „Годишните времиња" од А. Вивалди.

> **НАПОМЕНА:** *Прашањата треба да бидат распоредени меѓу сите учесници во тимот. Самата тематика на прашањата може да го одреди начинот на распоредувањето.*

Во посочениот прашалник за двете теми се содржат речиси ист број прашања. Ако во тимот се 4 учесници, распоредувањето на прашањата може да биде 3+2+3+3. Ако се 5, тогаш распоредувањето на истите може да биде 3+2+2+2+2. Одговорниот во тимот, покрај своите прашања, го кажува воведниот и завршниот поздрав со соговорникот.

Наставникот треба да ги подготви учениците за ситуација во која нивниот соговорник, од своја страна, може да им постави прашања на учениците – како дошле до идеја за еден ваков проект, како дошле до идеја да направат разговор токму со него (неа), каква музика слушаат и сл. Учениците треба да бидат подготвени да одговорат на ваквите прашања, да не се срамат, да сфатат дека со тоа соговорникот пројавува искрен интерес кон нив (претставници на младата генерација), сака да ги разбере нивните ставови, подобро да ги запознае. Тоа ќе придонесе за создавање поопуштена атмосфера на интервјуто, односно, за неговото поуспешно спроведување.

### Анализа и средување на податоците

Во оваа фаза секој од тимовите врши детална анализа на податоците кои ги прибрал секој член од тимот, се прави селекција на податоците и, евентуално, се утврдува потребата од дополнително истражување.

Наставникот: ги консултира учениците да ги проценат и селектираат податоците, им помага да проценат дали се доволни собраните податоци, или пак има потреба од дополнително истражување, ги консултира во врска со начинот на презентацијата и го проверува нејзиното изготвување.

## ФАЗА НА АКЦИЈА

### План за акција

**Тим**: Музички новинари: Марија, Наум, Маре, Стојче, Никола, Верче, Александар, Маја, Виолета, Јован, Марина, Вики, Ане, Коле, Наташа и Нина

**Координатор**: (име и презиме на наставникот)______

| | |
|---|---|
| Што сакаме да направиме? | Да дознаеме повеќе за делото „Зима" од Вивалди кое веќе го имаме слушано |
| Како ќе го постигнеме тоа? | Јавен час |

| **Чекор 1:**<br>Пречек на гостинот | **Кој?**<br>Марија, Наум | **Кога?**<br>Пред почетокот на часот | Со подарок „флаер" на кој има слики од истражувањето со посвета |
|---|---|---|---|
| **Чекор 2:** Претставување на тимот и нивната цел | Маре, Стојче | На почетокот на часот | Усна презентација |
| **Чекор 3:**<br>Претставување на животот и творештвото на Вивалди | Никола, Верче, Александар | По најавата на Маре и Стојче | Писмен извештај, а во позадина оди делото„Зима" |
| **Чекор 4:**<br>Претставување на сонетот како поетска форма | Маја, Виолета, Јован | По писмениот извештај | Присуство на наставникот по македонски јазик |
| **Чекор 5:**<br>Виолински концерт како музички жанр | Марина, Вики Верче, Ане | На крајот на презентацијата | Преку слушање на „Годишните времиња" |
| **Чекор 6:**<br>Гостинот виолинист (може и ученик од друго одделение кој свири на виолина) | Коле, Наташа, Нина | По завршетокот на концертот | Дискусија, разговор и изведба на дел од „Годишните времиња" од страна на гостинот |
| Дали сме ја постигнале целта? | ДА | | |
| Коментари | Задоволни сме од спроведеното интервју со соговорникот и добиените нови информации за делото „Зима" | | |

Во оваа фаза се утврдува начинот на претставувањето на податоците и се изготвува презентацијата на секој од тимовите (хамер, постер, писмен извештај/есеј, портфолио, Power Point).

Во истата фаза се изготвуваат материјали кои ќе претставуваат конечен резултат на овој проект (на пример, брошура со текстови, видеоснимка од интервју, аудиоснимка со делото итн.). Сите подготвени материјали се претставуваат пред целиот проектен тим и се прави меѓусебна евалвација.

Всушност, токму во оваа фаза доаѓа до постепеното создавање на финалниот новинарски производ – пишаниот текст (горенаведените пократки и подолги текстови за објавување во вид на пишан материја кај првите 4 тима или сценарио за „ТВ емисија" кај 5-от тим од тип на разговор во студиото кој може да се изврши како средба со одредена личност не само на завршната презентација, туку и на редовен час или на вончасовните училишни активности). Затоа е важно учесниците на тимовите да ги пробаат своите сили во пишување на различни текстови, а наставникот ненаметливо да ги посочува насоките, стилот, обемот на пишувањето (овие активности добро е да се одвиваат во координација со наставникот по мајчин јазик и литература, како и наставниците по историја, ликовно образование и други, во зависност од потребите на избраната тема).

### ЗАВРШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Во овој проект завршната презентација може да биде интересна и разновидна, да вклучува повеќе активности: презентација на темите од секој тим, разговор со гостин, концертна изведба на фрагмент од делото. Затоа таа треба особено внимателно да се испланира, јасно да се поделат улогите на презентерите, да се предвиди времетраењето на активностите за да не се заморат учесниците, гостите и публиката.

### ЗАВРШНА ЕВАЛВАЦИЈА

Со завршната средба и евалвација се означува крајот на проектот и, истовремено – перспективата за натамошните активности на учесниците во проектниот тим (на пример, активна посета на концерти, продолжување на истражувањата по оваа и слични теми во библиотеки и на Интернет итн.).

### Следење и оценување на постигањата на учениците

*Следењето и оценувањето* на постигањата на учениците ќе се врши преку набљудување и вреднување на: ангажираноста, точноста и одговорноста во извршувањето на задачите, пројавениот интерес и давањето идеи, креативноста, усвојувањето и примената на новите знаења.

## 2. ПРОЕКТ: МУЗИЧКИ ФОЛКЛОР ОКОЛУ НАС

**Цел на проектот** „Музички фолклор околу нас" е ученикот/ученичката да развива љубов и интерес кон фолклорното наследство преку сопствените истражувања, анализирања, откривања на нови сознанија и достигнувања во областа на народните песни и народните обреди поврзани со празниците - Коледе, Прочка, Ѓурѓовден, Велигден и др. Преку учеството во проектот учениците се поттикнуваат за индивидуална и групна соработка, организирање на тимски активности во рамките на училиштето (формирање на сопствена пејачка фолклорна група, приложување на визуелни и аудитивни материјали на разновидни изворни народни песни и обичаи), како и пронаоѓање на други можности за соработка вон училиштето (посета на КУД, Институтот за фолклор, разни концерти на народна музика и интервју со пејач на изворни и новосоздадени народни песни).

**Финален производ**: јавен настап, презентација, снимка (аудио/видео ЦД).

### Организација на проектните активности (детален преглед на фазите од проектот):

### СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕМА

**Учениците** се определуваат за народните песни и народните обичаи кои би сакале да ги изведуваат, карактеристични за средината. Тука доаѓа до израз нивната желба за проучување на народната традиција и обичаите во улога на пејачи, собирачи на народни песни, како и намената на јавниот настап (повод, карактеристики на публиката итн.).

Се очекува дека учениците можат да предложат повеќе теми: на пример, народни песни и народни обичаи поврзани со празниците: Коледе, Прочка, Ѓурѓовден, Велигден или други празници карактеристични за средината, етничката група, верската заедница.

Наставникот ја надгледува постапката за избор на темата.

**Поставување цели -** учениците треба да формулираат цел на проектот/ темата.

Пример: за темата „Коледе" може да се постават следниве цели:

- да ги споделам со слушателите песните и обичаите кои веќе ги знам - сврзани со празниците во мојата средина;
- да научам обичаи за неколку празници за кои сум чул(а), но не ги знам;
- да дознаам повеќе за народната традиција во средината каде се наоѓам, но и пошироко (автори, интерпретатори, приредби, фестивали, снимки и сл.), односно да дознаам нешто сосема ново за мене итн.

Во овој проект, целта може да биде и изготвување на ЦД со песните и обичаите на Коледе како финален производ од оваа проектна активност.

## ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да ги реализираат целите, учениците треба да направат избор кои материјали и информации им се неопходни за истражувањето со оглед на спецификата на проектот (снимки од песните, пишани или електронски текстови за музичкиот фолклор и обичајните песни, разговори со народните пејачи – носителите на традицијта, истражувачи на фолклорот, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации, текстови на песните).

Според посочениот модел за утврдување на глобалната временска рамка, определување на членовите на групите, нивните задачи и детално планирање на активностите на групите се презамаат следните чекори:

### Формирање на групите и поставување задачи

На пример, се формираат групите за:

- истражување на изведувањето на обичајот Коледе кај постарите генерации;
- посета на КУД , изведувачи на народни песни,
- организација, пропаганден материја, техничка реализација на јавниот настап;
- интерпретатори на самиот обред.

**Наставникот** ненаметливо им помага на учениците при формирањето на групите (**ЗАБЕЛЕШКА:** во конкретниов проект особено деликатно прашање ќе биде - кои ќе бидат интерпретаторите на обредот. Може да се претпостави дека сите ученици не поседуваат вокални и креативни способности за изведување на самиот обред. Затоа наставникот треба тактично да помогне за распределувањето на улогите во тимовите, да најде начин сите пријавени ученици да ги покажат своите вокални и креативни способности на пробите и самите да одлучат дали можат да одговорат на барањата за изведување на самиот обред).

### Собирање на податоци

**Примери на активностите на групите:**

- **група за истражување на почетоците и причините на изведувањето на обичајот коледе**; ги наоѓа текстуалните податоци за тоа како и на кој начин се изведува обичајот и песните што се сврзани за него (библиотеки - весници, списанија и др. од соодветните временски периоди, книги, Интернет, постари луѓе, фолклорен институт) или интервјуа со постари лица.

**Пример на прашања за возрасни лица:**

1. **Дали сте оделе на коледе**?
2. **Колку години сте имале тогаш**?
3. **Во кој период од годината се прави коледе**?
4. **Дали оделе и машки и девојчиња**?
5. **Кога тропавте на врата што добивавте на подарок**?
6. **Во што ги стававте подароците (ткаени торбички)?**
7. **Дали палевте огин?**
8. **Зошто го палевте?**

9. **Што правевте околу огинот(игравте, пеевте го прескокнувавте)?**
10. **Отпејте ја песната што сте ја пееле тогаш.**
11. **Дали се маскиравте на коледе?**

**Наставникот** им посочува веб - страници на Интернет, ги консултира учениците за институциите и поединците кај кои можат да ги добијат податоците и им ги закажува посетите и средбите; ги проверува подготвените материјали (прашалници, табели и сл.).

- **Групата за посета на КУД, изведувачи на народни песни** ги посетува лицата што се предвидени за посета и прави интервју со нив.

**Пример за прашања за кореографот на друштвото:**

1. **Дали на репертоарот имате коледарски песни и игри?**
2. **Какви други обредни игри имате на репертоарот?**
3. **Дали има интерес кај публиката за вакви игри?**
4. **Кој е автор на кореографиите на игрите?**

**Наставникот** ги подготвува учениците за средбата со личноста со која ќе се прави интервју (дава кратка информација за животот и дејноста), им обезбедува потребен материја, им закажува средба.

**Групата за организација, пропаганден материја, техничка реализација на обредот**: проучува пропагандни материјали за различни концерти и собира примероци од плакати, флаери и други материјали.

**Наставникот** ги упатува учениците во соодветните институции (МММ, КУД, детски фестивали и сл.) и им закажува посета.

**Групата за изведување на обредот** ги наоѓа снимките од песните и обичајот за коледе, ги селектира песните за самиот обред, ги проверува и утврдува текстовите на песните; ги учи песните и го осмислува обредот- обичајот и неговата интерпретација.

**Наставникот** ги советува учениците во врска со изборот на песните, ги проверува текстовите на песните; помага да се организира прикажувањето на обредот; присуствува на пробите и ги упатува кон правилна вокална интерпретација којашто е соодветна на карактерот и содржинта на народната песна.

## Анализа и средување на податоците

**Групата за истражување на почетоците на изведувањето на обичајот коледе:** ги селектира податоците; го обликува материјалот кој ќе го претставува; се одлучува за видот на презентацијата (хамер, постер, писмен извештај/есеј, портфолио, Пауер Поинт - презентација) и ја изготвува презентацијата.

**Наставникот** ги консултира учениците да ги проценат и селектираат податоците, им помага да проценат дали се доволни собраните податоци или има потреба од дополнително истражување, ги консултира во врска со начинот на презентацијата и го проверува нејзиното изготвување.

**Групата за посета на КУД, изведувачи на народни песни, новинари и други учесници и сведоци на обичајот:** исто како за претходниот тим.

**Наставникот**: исто како за претходниот тим.

**Групата за организација, пропаганден материја, техничка реализација на јавниот настап** договара место на јавниот настап од понудените локации, утврдува термин за генерална проба, договара помошни простории за гардероба - носии или гардероба со фолклорни елементи, прави неколку скици за дизајн на плакатот, програмата, флаерите, поканите. Изготвуваат список за гостите кои ќе ги поканат.

**Наставникот** има задача да закажува средби со личноста одговорна за просторијата во која ќе се изведува јавниот настап (директор на училиштето, претставник од локалната самоуправа и други институции), ги консултира во врска со дизајнот на пропагандните материјали.

**Групата интерпретатори на самиот обред:** прави повеќе проби на одбраните песни, го увежбува самиот обред, внимава на сценското однесување, движења, мимика итн.

**Наставникот** постојано присуствува на пробите и внимателно дава стручни сугестии, поддржувајќи ги учениците во пројавувањето на нивната креативност.

## ФАЗА НА АКЦИЈА

Во оваа фаза се изготвува **план за акција**

**Планот за акција го опфаќа следните активности**

**Проект**: Музички фолклор околу нас

**Координатор**: (име и презиме на наставникот)_______

| | |
|---|---|
| Што сакаме да направиме? | Презентација на обредот коледе и песните поврзани за него |
| Како ќе го постигнеме тоа? | Преку јавен настап – концерт и драматизација |

| **Чекор 1:** Пречек на гостите | **Кој?** Марија и Наум | **Кога?** Пред почетокот на концертот пред влезот | Погача и сол |
|---|---|---|---|
| **Чекор 2:** Претставување на тимот и нивната цел | Маре и Стојче | На почетокот, по сместувањето на гостите | Усна презентација |
| **Чекор 3:** Почетоците и причините на изведувањето на обичајот коледе | Никола, Верче и Александар | По најавата на Маре и Стојче | Писмен извештај од интервјуто, на пример, со дедо Мирче од село Коњари |
| **Чекор 4:** Како во КУД, се негуваат обичајот и песните сврзани за коледе | Маја, Виолета и Јован | По писмениот извештај | Присуство на кореографот (по можност) или презентација на хамер со слики од посетста на КУД |
| **Чекор 5:** Изведување на самиот обред | Марина, Вики, Верче и Ане | На крајот на презентацијата | Самиот обред - облечени во носии, на рамо торбички и стапчиња, а од другата страна овошје и колачиња |
| **Чекор 6:** Испраќање на гостите | Коле, Наташа и Нина | По завршетоткот на концертот | Делење на овошје и колачиња за гостите |
| Дали сме ја постигнале целта? | ДА | | |
| Коментари | Беше прекрасно, сите беа воодушевени. | | |

Преку планот се прави **евалвација,** се коригира самата презентација која откако ќе се дефинира треба добро да се вежба. На крајот следува самата **презентација – концертот.**

## ЗАВРШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Во проектот „Музички фолклор околу нас” завршната презентација може да биде интересна и разновидна, да вклучува повеќе активности: пречек на гостите што се поканети - тимот е облечен во носија, послужува со погача и сол, презентација на темите од секој тим, презентација на самиот обичај, разговор со гостин од КУД (ако е поканет), испраќање на гостите со послужување на јаболко, круша, бонбонче (карактеристика на обичајот коледе) и др. Како и во сите други презентации, така и во оваа, сè треба добро да се испланира, јасно да се поделат улогите на презентерите, да се предвиди времетраењето на активностите за да не се заморат учесниците, гостите и публиката.

## ЗАВРШНА ЕВАЛВАЦИЈА

Со завршната средба и евалвација се означува завршувањето на проектот и, истовремено – се најавуваат натамошните активности на учесниците во истражувањето на други теми, како на пример, негување на песни и обичаи карактеристични за средината (етничката/верската заедница); посета на концерти на разни културно - уметнички друштва, подготовка на нов обичај сврзан со друг празник итн.

## Следење и оценување на постигањата на учениците

**Следењето и оценувањето** на постигањата на учениците ќе се врши преку набљудување и вреднување на: ангажираноста, точноста и одговорноста во извршувањето на задачите, пројавениот интерес и давањето идеи, креативноста, усвојувањето и примената на новите знаења.

# 3. ПРОЕКТ: ПЕЈАЧКА ГРУПА

**Целта на проектот** „Пејачка група”: ученикот/ученичката да ги проширува знаењата од музичката уметност и културата за кои покажува посебен интерес, способности и сензибилитет и да ги развива своите вокални способности. Ученикот/ученичката се оспособува за заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него. Преку оваа тема ученикот ќе создава навика за редовност и точност, творечки способности, етички и естетски вредности, ќе развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на одреден музички стил, способност за индивидуална вокална интерпретација, да ги почитува дадените упатства на диригентот-менторот-координаторот, да ги проширува теориските знаења во областа на историјата на музикатата и музичката критика, да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа, да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина, натпревари и др.), да соработува со други лица од културата И институции и стручни организации од областа на уметноста и културата.

**Финален производ**: јавен настап или снимка (аудио/видео).

## Организација на проектните активности (детален преглед на фазите од проектот):

**Учениците** се определуваат за стил, жанр, тематика на песните кои би сакале да ги изведуваат. Тука доаѓаат до израз нивните стилски и жанровски претпочитувања, желбите да се пројават во улогата на пејачи и да организираат јавен настап (повод, карактеристики на публиката итн.). Предлагаат повеќе теми: на пример, „Македонски популарни песни”, „Песните за љубовта”, „Новогодишни песни” и сл.). Со помош на гласање или сличен начин ја одбираат темата за која ќе прават проект.

**Наставникот** претставува координатор и ја надгледува постапката на избор на темата.

**Поставување цели:** учениците треба да формулираат цел на темата. Пример: со програмата „Македонски популарни песни” може да се дефинираат следниве цели:

- да споделам со слушателите неколку мои омилени песни кои веќе ги знам;
- да научам неколку добри песни кои сум чул(а), но не ги знам;
- да дознаам повеќе за популарната музика во Македонија од различни временски периоди (автори, интерпретатори, приредби, фестивали, снимки...), односно да дознаам нешто сосема ново за мене итн.

Во овој пример целта е да се организира сценски настап - концерт посветен на македонската поп музика.

## ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да ја реализираат целта, учениците треба да дојдат до заклучок кои материјали и информации им се неопходни за постигнување на целите. Со оглед на видот на проектот тие се: снимки од песните, пишани или електронски текстови за автори и изведувачи, програми од концерти, разговори со автори, изведувачи, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации, нотен материја, текстови на песните.

### Формирање на тимови и задачи

**Учениците** формираат помали групи (по 3-5 ученици, во зависност од бројот, карактерот и времетраењето на активностите и задачите).

Формирање на групите:

- истражување на почетоците на поп - музиката во Македонија;
- посета на автори, изведувачи, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации;
- организација, пропаганден материја, техничка реализација на јавниот настап;
- интерпретатори.

**Наставникот** ненаметливо им помага на учениците при формирањето на групите. Особено деликатно е прашањето: кои ученици ќе бидат интерпретатори на завршниот концерт? Може да се претпостави дека сите пријавени ученици не поседуваат вокални способности за јавниот настап. Затоа наставникот треба да најде начин сите пријавени ученици да ги пројават своите вокални способности на пробите и самите да одлучат дали можат да настапат на јавниот настап.

### Собирање на податоци

Во оваа фаза учениците изготвуваат и реализираат план за истражување: прибираат податоци, ги посетуваат институциите и поединците, бараат текстуални податоци и други потребни материјали и се подготвуваат за реализацијата на јавниот настап.

**Примери на активностите на групите:**

- **Групата за истражување на почетоците на поп-музиката во Македонија** наоѓа текстуални податоци од различни извори (библиотеки - весници, списанија и др. од соодветните временски периоди, книги, Интернет).

**Наставникот** закажува посети на институциите (Универзитетска библиотека, библиотеки на музичко-образовни установи, републички и градски архиви), веб - страници на Интернет и др.

- **Групите за посета на автори, изведувачи, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации** посетуваат и водат разговори со лицата што се предвидени со планот за водење интервју.

**Наставникот** ги подготвува учениците за средбата со личностите со кои ќе се прават интервјуа (дава кратка информација за животот и дејноста), им обезбедува потребен материјал, им закажува средба.

- **Групата за организација, пропаганден материјал, техничка реализација на јавниот настап** проучува пропагандни материјали за различни концерти и собира примероци од плакати, флаери и други материјали.

**Наставникот** ги упатува учениците во соодветните институции (МММ, КУД, детски фестивали и сл.) и им закажува посета.

- **Групата интерпретатори** наоѓа снимки од песни, ги селектира песните за јавен настап, ги проверува и избира текстовите на песните и нотните записи; прави снимка на придружбата на песната (студиска или од свирење на наставникот); учениците учат да ги пеат песните и ја осмислуваат интерпретацијата.

Наставникот ги советува учениците во врска со изборот на песните; ги проверува текстовите на песните; им помага да се организира демо снимањето, водејќи сметка за тоналитетот во врска со опсегот на гласот на ученикот/ученичката; присуствува на пробите и ги упатува кон правилна вокална интерпретација соодветна на карактерот и содржината на песната.

## Анализа и средување на податоците

Во оваа фаза секој од група врши детална анализа на податоците што ги прибрала, се прави селекција на податоците и, евентуално, се утврдува потребата од дополнително истражување. Во истата фаза се утврдува начинот на претставување на податоците и се изготвува презентацијата.

- Групата за истражување на почетоците на поп-музиката во Македонија ги селектира податоците; го обликува материјалот што ќе го изложува; се одлучува за видот на презентацијата (хамер, постер, писмен извештај/есеј, портфолио, Пауер Поинт - презентација).

Наставникот ги консултира учениците да ги проценат и селектираат податоците, им помага да проценат дали се доволни собраните податоци или има потреба од дополнително истражување, ги консултира во врска со начинот на презентацијата и го проверува нејзиното изготвување.

- **Групата за посета на автори, изведувачи, новинари и други учесници и сведоци од различни генерации** ( исто како за претходниот тим).

Улогата на наставникот исто како за претходната група.

- **Групата за организација, пропаганден материјал, техничка реализација на јавниот настап:** учениците договараат место на јавниот настап од понудените локации, утврдуваат термин за генерална проба, договараат помошни простории за гардероба, прават неколку скици за дизајн на плакатот, програмата, флаерите, поканите. Изготвуваат список за гостите кои ќе ги поканат.

Наставникот има задача да им закажува средба со одговорните лица за просторијата во која ќе се изведува јавниот настап (директор на училиштето, претставник од локалната самоуправа и други институции), ги консултира во врска со дизајнот на пропагандните материјали.

- **Групата интерпретатори** прави повеќе проби на одбраните песни, увежбува пеење со демо снимката на придружбата, внимава на сценското однесување, движења, мимика итн.

Наставникот постојано присуствува на пробите и тактично прави стручни сугестии, поддржувајќи ги учениците во пројавувањето на нивната креативност.

**Презентацијата на резултатите од истражувањата е пред целата проектна група.**

## ФАЗА НА АКЦИЈА

Во оваа фаза се изготвува **план за акција.**

**План за акција**

**Проект**: Пејачка група (група ученици)

**Координатор**: (име и презиме на наставникот)_______

| | |
|---|---|
| Што сакаме да направиме? | Сакаме да ја претставиме македонската популарна музика |
| Како ќе го постигнеме тоа? | Преку јавен настап – концерт |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Чекор 1:** Делење на програмата за концертот и флаери со слики од подготовката на проектот | **Кој?** Марија и Наум | **Кога?** Пред почетокот на концер-тот пред влезот | Флаери и програма |
| **Чекор 2:** Претставување на членовите на групата и нивната цел | Маре и Стојче | На почетокот, по исполнува-ње на една песна | Усна презентација |
| **Чекор 3:** Кога и како се појавила поп - музиката кај нас во Македонија | Никола, Верче и Александар | По најавата на Маре и Стојче | Преку хамер, може и Pauer point презентација |
| **Чекор 4:** Искажувања на автори и интерпретатори за поп - музиката | Маја, Виолета и Јован | По презентацијата Pauer point | Нивно присуство (по можност) или на презента-ција на хамер |
| **Чекор 5:** Пеење на македонски попу-ларни песни | Марина, Вики, Верче и Ане | На крајот на презентацијата | Вокална интерпретација на демо снимки |
| Дали сме ја постигнале целта? | ДА | | |
| Коментари | Добро беше; или уште малку време имаме, или да скратиме нешто или други коментари | | |

Преку планот се прави **евалвација** и се коригира самата презентација која откако ќе се дефинира треба добро да се вежба. На крајот е самата **презентација – концертот.**

## ЗАВРШНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Завршната презентација - **концертот** на пејачката група може да биде интересна и разновидна, да вклучува повеќе активности: презентација на темите од секој тим, разговор со некој интерпретатор или композитор (ако е поканет), самиот настап на тимот интерпретатори во улога на презен-тери на добрата македонска популарна музика и др. Како и во сите други презентации, така и во оваа, треба добро да се испланира, јасно да се поделат улогите на учениците,

да се предвиди времетраењето на активностите за да не се заморат учесниците, гостите и публиката.

## ЗАВРШНА ЕВАЛВАЦИЈА

Со завршната средба и евалвација се означува крајот на проектот и истовремено се разговара за натамошните активности на учесниците во проектните групи, на пример, негување и пеење на македонски популарни песни од сите жанрови, посета на концерти на разни познати интерпретатори, подготовка на нов концерт, но со друг жанр на песни итн.

## Следење и оценување на постигањата на учениците

**Следењето и оценувањето** на постигањата на учениците ќе се врши преку набљудување и вреднување на: ангажираноста, точноста и одговорноста во извршувањето на задачите, пројавениот интерес и давање идеи, креативноста, усвојувањето и примената на новите знаења, развојот на вокалните способности и култура на сценскиот настап.

# 4. ПРОЕКТ: ИНСТРУМЕНТАЛНА ГРУПА

Целта на проектот „Инструментална група" е ученикот/ученичката да ги проширува знаењата од музичката уметност и културата за кои покажува посебен интерес и да ги развива своите изведувачки способности. Ученикот/ученичката се оспособува за заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него. Преку оваа тема ученикот ќе развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на одреден музички стил, способност за индивидуална и групна вокална интерпретација, да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа, да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина, натпревари и др.), да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата.

**Финален производ**: јавен настап или снимка (аудио/видео).

## Организација на проектните активности (детален преглед на фазите од проектот):

## СЕЛЕКЦИЈА НА ТЕМАТА

Учениците ги изразуваат своите афинитети и се определуваат за музичкиот стил кој сакаат да го изведуваат (поп, рок, традиционален фолклор и други стилови, според можностите на учениците и училиштето).

**Поставување цели:** учениците треба да фомулираат цел на темата (како образец за формулирањето на целите може да послужи проектот „Пејачка група").

## ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да ја реализираат целта, учениците треба да направат избор на материјали и информации што им се неопходни за постигнување на целите. Во проектот „Инструментална група" од особена важност ќе биде изборот на инструментите и барањето на друга опрема потребна за програмата за јавниот настап. Реално е да се очекува дека учениците кои се пријавиле за овој проект веќе свират на одредени инструменти и веќе ги поседуваат.

*Традиционален фолклор*. За формирање за инструментална фолклорна група може да дојдат предвид различни народни инструменти: кавал, тамбура, тапан, дудуче и др., во зависност од можностите на учениците и училиштето.

*Поп и рок - состави*. За овие музички стилови се формира група во стандардниот состав: електрична гитара, бас - гитара, ударни инструменти, клавијатури, вокал (во соработка со пејачка група).

*Други состави*. Учениците можат да формираат и различни слободни состави, според своите можности и инструменти кои ги поседуваат (на пример, хармоника, акустична гитара, мандолина, разновидни дувачки и гудачки инструменти итн.). Наставникот треба да ги поттикне учениците за овие активности, затоа што честопати ваквите

состави даваат можност за креативност, експерименти со звукот. Учесниците во ваквиот состав учат како да извлечат максимум од оние средства (инструменти) кои во моментот им се на располагање, односно да го решат проблемот на нестандардниот инструментариум.

Можни се и други комбинации на инструменти врз база на стандардниот состав (фолклорен или поп, односно рок - состав). Наставникот треба ненаметливо да ги советува учениците околу изборот и концептот на програмата, аранжманите и за другите интерпретациски прашања.

**Останатите фази на проектот „Инструментална група” - формирање тимови и задачи, планирање, собирање на податоци, анализа и средување на податоци, фазата на акцијата, завршната презентација и евалвација, како и за следење и оценување на постигањата на учениците се одвиваат според начинот што е даден во проектот „Пејачка група”.**

Проектите „Пејачка група” и „Инструментална група” може да имаат и заеднички активности, како и заеднички завршен настап – особено во случаите ако и двате групи се изјаснат за ист или близок музички жанр.

## 5. ПРОЕКТ: КОМПЈУТЕРИ ВО МУЗИКАТА

Како што веќе наведено, овој проект може да се остварува во училиштата во кои има соодветна опрема, а наставникот е подготвен низ соодветната обука. Активностите во проектот може да се одвиваат во следниве насоки:

- проучување и примена на програмите за снимање музика;
- проучување и примена на програмите за компонирање;
- проучување и примена на програмите за пишување нотен текст;
- проучување и примена на музичко-образовните програми.

Исто така, како што веќе е објаснето, активностите во овој проект може да бидат интегрирани со сите други проекти (компјутерот како средство за пронаоѓање на податоците, нивното обликување, изготвување на презентации, изготвување на графички материјали итн.).

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Голабовски, С. 1999, Историја на македонската музика, Скопке: просветно дело.
2. Етнологија на Македонците, издание на МАНУ.
3. МОДУЛ: ПРОЕКТНА НАСТАВА (материјал од обуките спроведени од ТЕРА- Асоцијација за истражување и едукација).
4. Muzicka enciklopedija. Zagred: Jugoslovenski leksikografski zavod.
5. Музиката на почвата на Македонија од Атанас Бадев до денес. Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. Книга 12. Скопје 2004. Македонски академија на науките и уметностите.
6. Списанија „Музички ѕвон”.
7. Употребата на компјутерите во музичкото образование – Адаптирано од он-лајн статијата на кристина Фуертес, PTEE Проект, (Комениус проект финансиран од Европската унија) каталонија, Шпанија.
8. Музички програм - „Finale”.
9. Музички програм - „NoteWorthy Composer”.



ISBN 978-608-206-002-6